# Архиерејска Божествена Литургија во Малме (11.09.2008)

Денес кога Светата Црква го празнува споменот на отсекувањето на главата на свети Јован Крстител, 11.09.2008 година, Митрополитот Европски г. Пимен, во сослужение со парохискиот свештеник во МПЦО „Св.Наум Охридски" – Малме протоерej-ставрофор Блажо Кожарски и ѓаконот Илија Спасевски отслужи Света Литургија во соборниот храм посветен на Свети Наум Охридски Малме, Шведска.
Денешното евангелие за отсекувањето на главата на свети Јован Крстител, Владиката го протолкува како убивање на совеста која нè повикува на покајание и држење до човековите морални вредности.






